Службен весник на Република Македонија

Број 139 **27 јули 2018, петок** **година LXXIV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2685.	**Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година	**3**
2686.	**Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања	**3**
2687.	**Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања	**3**
2688.	**Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања	**4**
2689.	**Одлука** за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година	**4**
2690.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.....	**4**
2691.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија	**4**
2692.	**Одлука** за одобрување на ревидираниот Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост во 2017 година.....	**5**
2693.	**Одлука** за одобрување на ревидираната Годишна сметка за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост	**5**
2694.	**Одлука** за одобрување на ревидираниот Финансиски извештај за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост	**5**
2695.	**Одлука** за распределба на добивката од деловната 2017 година на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост.....	**5**
2696.	**Одлука** за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година.....	**6**

		Стр.
2697.	**Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година	6
2698.	**Одлука** за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот ДППТ “Далвина” ДООЕЛ с.Хамзали Босилово на содружниците ТДПТУ “Белима РКСС” ДОО Охрид, ДУПТУ “Јас и братми 2010” ДООЕЛ с.Лескоец, Охрид, ДПТ “Асп-Пак” заштитно друштво ДООЕЛ Охрид, ДПТУ “Пе-вреќи” ДОО Охрид и на заштитно друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци “Отпад” Дооел Охрид, во концесионерот ДПЕЕ “Водават 6” ДОО Охрид	6
2699.	**Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ реф.бр.309, бр. 11-796/1 од 30.1.2018 година	6
2700.	**Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JACKAL CAVE“, во Република Унгарија	7
2701.	**Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION“, во Сојузна Република Германија	7
2702.	**Одлука** за престанок на важење на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината	7
2703.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип	8
2704.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чешиново за изградба на објекти со намена А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г - производство, дистрибуција и сервиси, Д - зеленило и рекреација, Е - инфраструктура КО Чешиново, Општина Чешиново - Облешево	8
2705.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (стопански објект за производство на земјоделски производи) КО Градошорци-вон г.р., Општина Василево	8
2706.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1- домување во станбени куќи КО Морани, Општина Студеничани	9
2707.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Лешница и КО Здуње, Општина Гостивар	9
2708.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - сервиси и Г4 - стоваришта КО Врништа-вон гр.р, Општина Струга	9
2709.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија ц. о. Скопје и уплата во Буџетот на Република Македонија	10
2710.	**Одлука** за давање согласност на Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за начинот на вршење на работите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата	10
2711.	**Одлука** за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и за висината на закупнината	10
2712.	**Одлука** за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје – корисник на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1	11
2713.	**Одлука** за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање	12
2714.	**Програма** за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година	12
2715.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	13
2716.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	13
2717.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	14
2718.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот за поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација	14
	Огласен дел	1-64

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2685.

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 21/18 , 29/18, 85/18 и 117/18) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.1 алинејата 5 се менува и гласи:

„- Висината на поддршката од алинеите 3 и 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавената површина и тоа: од 0,3 ха до 20 ха 100%, од 20 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 20% збирно за сите култури.“

По подмерката 1.19. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

1.20.	Директни плаќања за откупена пченица од род 2018 година од домашно производство	- Корисници на оваа подмерка се правни лица откупувачи на пченица запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои извршиле откуп и исплата на пченица од род 2018 година од домашно производство врз основа на договор за откуп склучен со земјоделски стопанства согласно член 32 од Законот за земјоделство и рурален развој; - Финансиската поддршка се исплаќа за количините кои се откупени најдоцна до 15 септември 2018 година и за истите исплатата да е извршена најдоцна до 15 декември 2018 година; - Висината на директните плаќања изнесува 1,00 денар по килограм.

“.

Член 2

Во членот 4 во точката 3 зборовите: „1.7. и 1.10.“ се заменуваат со зборовите: „1.7., 1.10. и 1.20. “.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7001/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2686.

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Со оваа одлука се одбива Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – кварцен песок на локалитетот „Шупли Камен 2“, Општина Куманово поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги САНИ САН Миле ДООЕЛ увоз - извоз Куманово бр.24-3732/1 од 6.6.2016 година, бидејќи од Општина Куманово е добиено негативно мислење бр.35-7968/2 од 28.10.2016 година, затоа што за предметниот локалитет жителите на МЗ Шупли Камен негативно се изјасниле во однос на поднесената иницијатива.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 5050/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2687.

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Со оваа одлука се одбива Иницијативата за започнување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Суво Грло“ општина Штип поднесена од Друштвото за трговија и услуги МИАД-МУЗО ДОО Свети Николе бр.24-4089/1 од 30.06.2016 година, бидејќи од општина Штип е добиено негативно мислење бр.09-7249/2 од 16.09.2016 година, со образложение дека предметниот локалитет се наоѓа во близина на регионалниот правец Штип – Радовиш, и во атарот на селата Балталија, Долани, Лакавица, Љуботен и Суво Грло кои се по должината на река „Крива Лакавица“ има премногу активни концесии и месното население се жали на концесионерите поради непочитување на работното време за движење со преголема брзина во населените места, локалните патишта се во лоша состојба поради тешката механизација што ја користат, а нивната проекција е за лесни моторни возила, а од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Македонија Скопје е добиено мислење бр.10-1603/2 од 01.02.2018 година, со кое известуват дека дел од концесискиот простор за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот “Суво Грло“ општина Штип е во колизија со новопроектираниот експресен пат, делница: Штип – Радовиш.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-5051/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2688.

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Со оваа одлука се одбива иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Скрка“, Општина Росоман поднесена од Друштво со ограничена одговорност за проектирање, градежништво, внатрешна и надворешна трговија УРБАН ИНВЕСТ ДОО Грков Јован с.Возарци Кавадарци бр.24-1374/1 од 9.2.2016 година, бидејќи од Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина е добиено негативно мислење бр.11-2563/4 од 3.5.2016 година, затоа што предметниот локалитет се наоѓа во непосредна близина на локалитетот “Дреночка Клисура“ кој со одлука на Собрание на општина Кавадарци бр.08-2290-17/91 од 5.6.1991 година е прогласен за заштитено подрачје од категоријата –Споменик на природата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-5251/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2689.

Врз основа на член 506 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КОНСОЛИДИРАНА РЕВИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА И КОНСОЛИДИРАНИ РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ–СКОПЈЕ СО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2017 ГОДИНА ДО 31.12.2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува консолидираната ревидирана Годишна сметка и консолидираните ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, бр.02-1765/5 од 9.5.2018 година, усвоени од Одборот на директори на Друштвото, на седницата, одржана на 9.5.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-5298/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2690.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило, марка Пасат, тип 1.9 TDI, број на шасија WDWZZZ3BZYP4639-56, број на мотор ATJ 149375, година на производство 2000, сила на мотор 85 kw, работна зафатнина 1896 ccm, регистарска ознака SK-6345-RJ, боја на каросерија мет сива/7F.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 3

Министерот за правда склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6268/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2691.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило, марка Мерцедес, тип Е 270 CDI, број на шасија WDB2100161B386150, број на мотор 61296130109810, година на производство 2001, сила на мотор 125 kw, работна зафатнина 2685 ccm, регистарска ознака SK-845-RJ, боја на каросерија мет зелена/3F.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 3

Министерот за правда склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6272/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2692.

Врз основа на член 383, став (1), точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНИОТ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО „МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА“ - СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ВО 2017 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се одобрува ревидираниот Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост во 2017 година, ревидиран од овластен ревизор, бр.05-518/7 од 7.6.2018 година, усвоен од Управниот одбор на Акционерското друштво, на седницата одржана на 7.6.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6319/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2693.

Врз основа на член 383, став (1), точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНАТА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2017 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО „МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА“ - СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

1. Со оваа одлука се одобрува ревидираната Годишна сметка за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, ревидирана од овластен ревизор, бр.02-518/2 од 7.6.2018 година, усвоена од Управниот одбор на Акционерското друштво, на седницата одржана на 7.6.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6319/2
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2694.

Врз основа на член 383, став (1), точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО „МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА“ - СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

1. Со оваа одлука се одобрува ревидираниот Финансиски извештај за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, ревидиран од овластен ревизор, бр.02-518/5 од 7.6.2018 година, усвоен од Управниот одбор на Акционерското друштво, на седницата одржана на 7.6.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6319/3
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2695.

Врз основа на член 383, став (1), точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД ДЕЛОВНАТА 2017 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА“ – СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

1. Добивката на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, остварена за деловната 2017 година, во вкупен износ од 2.340.795 денари (два милиони триста четириесет илјади седумстотини деведесет и пет) денари се распределува на следниов начин:

- 95 %, односно 2.223.755 денари (два милиони двеста дваесет и три илјади седумстотини педесет и пет) денари да останат на сметката на друштвото за инвестициони активности.
- 5%, односно 117.040 (сто седуманесет илјади и четириесет) денари да се внесат во задолжителна општа резерва (општ резервен фонд).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6319/4
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2696.

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ – СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година, бр.0201-854/1 од 23.02.2018 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 23.2.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 6338/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2697.

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ – СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година, бр.0201-1684/1 од 19.04.2018 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 19.4.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44 - 6338/2
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2698.

Врз основа на член 42 став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛОТ ОД СОДРУЖНИКОТ ДППТ “ДАЛВИНА” ДООЕЛ С.ХАМЗАЛИ БОСИЛОВО НА СОДРУЖНИЦИТЕ ТДПТУ “БЕЛИМА РКСС” ДОО ОХРИД, ДУПТУ “ЈАС И БРАТМИ 2010” ДООЕЛ С. ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД, ДПТ “АСП - ПАК” ЗАШТИТНО ДРУШТВО ДООЕЛ ОХРИД, ДПТУ “ПЕ-ВРЕЌИ” ДОО ОХРИД И НА ЗАШТИТНО ДРУШТВО ЗА СОБИРАЊЕ И ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ОТПАДОЦИ “ОТПАД” ДООЕЛ ОХРИД, ВО КОНЦЕСИОНЕРОТ ДПЕЕ “ВОДАВАТ 6” ДОО ОХРИД

Член 1

Се дава согласност на Концесионерот ДПЕЕ “ВОДАВАТ 6” ДОО Охрид, како носител на правото на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија по основ на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Беличка со реф.бр. 52 со бр. 11-4178/1 од 4.5.2015 година, за пренос на уделот на содружникот ДППТ “Далвина” ДООЕЛ с.Хамзали Босилово од содружниците и тоа: 3,5% од уделот на ТДПТУ “Белима ркcс” ДОО Охрид, 2,50 % од уделот на ДУПТУ “Јас и братми 2010” ДООЕЛ с.Лескоец, Охрид, 1,75 % од уделот на ДПТ “Асп-пак” заштитно друштво ДООЕЛ Охрид, 1,75 % од уделот на ДПТУ “Пе-вреќи” ДОО Охрид и 1,50% од уделот на Заштитно друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци “Отпад” ДООЕЛ Охрид.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија’’.

Бр. 44-6367/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2699.

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ, МХЕЦ РЕФ.БР.309, БР. 11-796/1 ОД 30.1.2018 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се прогласува едностран раскин на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ реф.бр.309, бр. 11-796/1 од 30.1.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како концедент и „ХИДРОЕНЕРГИЈА“ ДООЕЛ с. Батинци, Студеничани, како концесионер, поради тоа што концесионерот не го платил еднократниот концесиски надоместок во рокот утврден во член 37 став (2) точка 1 во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи и не доставил гаранција за квалитетно извршување на Договорот, во рокот утврден во член 28 став (1) од Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.

Член 2

Против оваа одлука може да се покрене управен спор пред Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6368/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2700.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7. 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „JACKAL CAVE“, ВО РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА

1. За учество во вежбовната активност „JACKAL CAVE“, (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Република Унгарија во периодот од 3 до 21 септември 2018 година, се испраќаат 15 (петнаесет) припадници на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана и дневниците за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6534/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2701.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „SABER JUNCTION“, ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

1. За учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION“, (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Сојузна Република Германија во периодот од 13 септември до 1 октомври 2018 година, се испраќаат 35 (триесет и пет) припадници на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на припадниците на Армијата ги обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, а дневниците за службено патување ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6571/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2702.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и висината на закупнината бр. 44-5640/1 од 5.6.2018 година, („Службен весник на Република Македонија" бр.107/18).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44- 6581/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2703.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија", бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Јасеново" – Велес му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

Назив на движната ствар	Модел	Производител	Единица мерка	Количина
Лабораториска центрифуга	Megafuge 1.0	Хераеус	парче	1

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Јасеново" – Велес склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6614/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2704.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЧЕШИНОВО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А - ДОМУВАЊЕ, Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ, В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ, Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА, Е - ИНФРАСТРУКТУРА КО ЧЕШИНОВО, ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чешиново за изградба на објекти со намена А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г - производство, дистрибуција и сервиси, Д - зеленило и рекреација, Е - инфраструктура КО Чешиново, Општина Чешиново - Облешево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 5832м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
4940	Чешиново	Село	нива	1
Вкупна површина на земјиштето во плански опфат: 139587м^2				

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6830/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2705.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (СТОПАНСКИ ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ) КО ГРАДОШОРЦИ - ВОН Г.Р., ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (стопански објект за производство на земјоделски производи) КО Градошорци-вон г.р., општина Василево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
1359-дел	Градошорци-вон г.р.	Орман	нива	3
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: 40545м²				

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6831/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2706.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ КО МОРАНИ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Морани, Општина Студеничани.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 2926м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
1448	Морани	Исар	нива	5
1449	Морани	Исар	нива	5
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат : 3103м²				

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6833/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2707.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ КО ЛЕШНИЦА И КО ЗДУЊЕ, ОПШТИНА ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Лешница и КО Здуње, Општина Гостивар.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
87/1	Лешница	Леска	ливада	5
405/2-дел	Здуње	Славчев Дол	пасиште	3
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: 6748 м²				

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6834/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2708.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г2 -ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, Г3 - СЕРВИСИ И Г4 - СТОВАРИШТА КО ВРАНИШТА-ВОН ГР.Р, ОПШТИНА СТРУГА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 -лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Враништа-вон гр.р, општина Струга.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 35935м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
1143/1-дел	Враништа-вон гр.р	Јасенче	нива	1
1143/5	Враништа-вон гр.р	Јасенче	нива	1
1143/6	Враништа-вон гр.р	Јасенче	нива	1
1143/7	Враништа-вон гр.р	Јасенче	нива	1
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:				**52200м^2**

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6835/1
24 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2709.

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИШОКОТ НА СРЕДСТВА ОД АКУМУЛИРАНАТА ДОБИВКА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Ц. О. СКОПЈЕ И УПЛАТА ВО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија ц. о. Скопје и уплата во Буџетот на Република Македонија бр.02-1788/1 од 6.7.2018 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 6.7.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6856/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2710.

Врз основа на член 59 став (2) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за начинот на вршење на работите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата бр. 24-3669/1 од 10.7.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6873/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2711.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СТРУГА И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА

Член 1

Со оваа одлука се определува периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и висината на закупнината за закупецот на земјиште Трговско друштво за производство трговија и услуги РЕЧИ ЕНТЕРПРИСЕС ДООЕЛ увоз - извоз Струга, со седиште во Скопје.

Член 2

Градежното земјиште кое се дава во долготраен закуп претставува КП бр.2688/5 со површина од 689м2, КП бр.2689/6 со површина од 2296м2, КП бр.2691/3 со површина од 2741м2, КП бр.2692/4 со површина од 9932м2, КП бр.2692/5 со површина од 2026м2, КП бр.2693/2 со површина од 189м2, КП бр.2690/2 со површина од 39м2, КП бр.2676/3 со површина од 100м2, КП бр.2675/2 со површина од 33м2, КП бр.2674/2 со површина од 11м2, КП бр.2670/2 со површина од 1м2 , односно со вкупна површина од 18057м2, согласно Имотниот лист бр.2810 за КО Мислешево и Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци бр.0709-095/3 од 25.5.2018 година, во сопственост на Република Македонија, што претставува градежно земјиште, согласно извод од Архитектонско урбанистичкиот проект бр.7/2018, КО Мислешево, Општина Струга, издадено од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот бр. 24-5077/2 од 7.5.2018 година, врз основа на Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели: ГП 2.01.1,ГП 2.01.2, намена на градба Г2–Лесна индустрија, со препарцелација, во Блок 2 од Државна урбанистичка планска документација за ТИРЗ Струга, м.в. Маторник КО Мислешево, Општина Струга, технички бр.ПА 001 01/08 од март 2018 година, одобрен по прегледот од страна на Комисијата во рамки на Министерството за транспорт и врски, со потврда бр.66-4149/4 од 20.4.2018 година. („Градежно земјиште“).

Член 3

Градежното земјиште од член 2 од оваа одлука се дава во долготраен закуп за временски период во траење од 50 години, сметано од датумот на склучувањето на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште.

Член 4

Висината на закупнината за градежното земјиште од член 2 на оваа одлука изнесува:

- Во текот на првите пет години 0,1 евро годишно за метар квадратен, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, односно 1.805,7 евра за една година, определено како фиксен износ;

- По истекот на првите пет години од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупнината за Градежното земјиште од член 2 на оваа одлука се утврдува на годишно ниво, десет дена пред датумот на кој е склучен Договорот за долготраен закуп на градежното земјиште, а се пресметува по 0,1 евро годишно за метар квадратен, приспособено за официјалната стапка на инфлација во Република Македонија за претходната година, но не повеќе од 15% на годишно ниво, што е максималната стапка на пораст, односно не повисока од 0,115 евра годишно за метар квадратен.

Во рок од 60 дена од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупецот на земјиште доставува доказ за реализирана уплата на закупнината на сметката на Буџетот на Република Македонија, во износ од 9.028,5 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, како закупнина за првите пет години, за што закупецот на земјиште е претходно известен од страна на закуподавачот.

По истекот на првите пет години од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп, закупнината за долготраен закуп на градежното земјиште од член 2 на оваа одлука се плаќа однапред за секоја година, но не подоцна од датумот на кој е склучен Договорот за долготраен закуп на градежното земјиште, на сметката на Буџетот на Република Македонија, за што закупецот на земјиште е претходно известен од страна на закуподавачот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-6923/1	Претседател на Владата
24 јули 2018 година	на Република Македонија,
Скопје	**Зоран Заев,** с.р.

2712.

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БАУМЕР ДООЕЛ СКОПЈЕ – КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 7070/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2713.

Врз основа на член 21-а став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПОВРШИНИ НАД 3 ХЕКТАРИ ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавниот оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање бр. 08/18 со архивски бр.17-6632/4 од 25.6.2018 година распишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7146/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2714.

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/17), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2018 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18, 62/18, 100/18 и 127/18), во делот I во табелата во мерката 1 износот „1.704.000.000“ се заменува со износот „1.705.000.000“.

Во мерката 11 износот „4.363.492.000“ се заменува со износот „4.362.492.000“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „1.704.000.000“ се заменува со износот „1.705.000.000“.

Во табелата по подмерката 1.19. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

1.20.	Директни плаќања за откупена пченица од род 2018 година од домашно производство

“

III

Во делот XII износот „4.363.492.000“ се заменува со износот „4.362.492.000“.

IV

Во делот XV во табелата по подмерката 1.14. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

	1.20.	февруари 2019

“

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 44-6999/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2715.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, врз основа на член 1 став 2, член 148 и член 149 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43//2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), член 51, член 87, член 88 и член 89 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 124/2015), постапувајќи по Барањето на Адвокатско друштво Колемишевски и партнери, бр. УП1 08-21 од 25.04.2018 година, а во врска со основањето на Друштво за инвестиционо советување „J.K. МОРГАН ВЕЛТХ МЕНАЏМЕНТ„ ДООЕЛ Скопје, на својата седница одржана на ден 23.7.2018 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Постапката поведена по Барањето бр. УП1 08-21 од 25.4.2018 година за издавање на дозвола за работење на Друштво за инвестиционо советување „J.K. МОРГАН ВЕЛТХ МЕНАЏМЕНТ„ ДООЕЛ Скопје, на барање на подносителот СЕ ПРЕКИНУВА.

2. Постапката ќе продолжи откако подносителот на барањето ќе достави барање за продолжување на постапката.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 08-21
23 јули 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

2716.

Врз основа на член 88 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), постапувајќи по барањето број 03-854/1 од 22.06.2018 година на Македонска берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 23.07.2018 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје број 02-830/1 од 19.06.2018 година.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на ова Решение, да ги изврши следните измени на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје број 02-830/1 од 19.06.2018 година и на Правилата за котација број 09-1707/1 од 19.11.2014 година на Македонска берза АД Скопје:

- во член 2 алинеја 3 од Одлуката да ги избрише зборовите “хартии од вредност со варанти” и

- доследно да го имплементира член 80-а став 5 од Законот за хартии од вредност во Правилата за котација, односно да обезбеди обврските за објавување и известување на друштвата чии акции котираат на подсегментот Задолжителна котација да не бидат помалку строги од обврските за објавување и известување на акционерските друштва со посебни обврски за известување согласно Законот за хартии од вредност.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје, по постапувањето од точка 2 од Решението, да достави до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија пречистен текст на Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 08-33
23 јули 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

2717.

Врз основа на член 46 став 1 точка в) и член 184 точка љ) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и бр. 83/2018), постапувајќи по барањето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр. 03-3914/1 од 25.06.2018 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката број 02-3718/1 од 18.06.2018 година за изменување и дополнување на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, донесена од страна на Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност на АД Скопје на ден 18.06.2018 година,

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Централниот депозитар АД Скопје до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија да достави пречистен текст на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги во кој ќе бидат имплементирани новите тарифни ставки предвидени со одлуката.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 08-34
23 јули 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

2718.

Врз основа на член 136 ставови (7) и (8), член 138 став (6), член 139 став (2) и член 144 од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18) директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, КОНТРОЛА И МОНИТОРИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА, УРЕДИТЕ И ОПРЕМАТА, ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот за поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (“Службен весник на Република Македонија” бр. 73/09) во членот 33 во ставот (2) зборовите: “овластувања за вршење на работи на” се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) Имателот на дозволата може да работи со техничките средства, уреди и системи кои спаѓаат во определениот вид од став (2) на овој член и кои детално се наведени во Листата на специфични технички средства, уреди и системи објавена на веб страната на Агенцијата.”.

Член 2

Членот 34 се менува и гласи:

“(1) Имателот на дозволата за ATSEP персонал во која е впишано овластување тип А за техничките средства, уреди и системи од член 33 став (2) на овој правилник може да ги извршува следните работи:

- мониторирање (надзор на работата на средството),

- контрола (управување од "предна плоча" со цел обезбедување на непрекината работа) и

- превентивно одржување (редовни проверки на техничкото средство, уред или систем според одобрени процедури и упатства за работа).

(2) Имателот на дозволата за ATSEP персонал во која е впишано овластување тип Б за техничките средства, уреди и системи од член 33 став (2) на овој правилник освен работите од став (1) на овој член, може да ги извршува и следните работи:

- превентивно одржување (редовен периодичен сервис со наместување и калибрирање на средството),

- корективно одржување (интервенции за отстранување на пречки или дефекти во работата),

- модификации и/или измени во наместувањата според одобрени процедури и упатства,

- анализа на работа и утврдување на причинителот на пречките и дефектите,

- предлагање на развој и измени на процедури и упатства за работа и одржување и

- предлагање на модификации и/или измени во подесувањата.

(3) Имателот на дозволата за ATSEP техничар во која е впишано овластување инструктор може да спроведува практична обука за стекнување на овластувања тип А и/или Б за техничките средства, уреди и системи кои спаѓаат во определениот вид на технички средства, уреди и системи наведени во Листата од член 33 став (3) на овој правилник.

(4) Имателот на дозволата за ATSEP инженер во која е впишано овластување инструктор може да спроведува теоретска и практична обука за стекнување на овластувања тип А и/или Б за техничките средства, уреди и системи кои спаѓаат во определениот вид на технички средства, уреди и системи наведени во Листата од член 33 став (3) на овој правилник.".

Член 3

Членот 37 се менува и гласи:

"По исклучок од член 32 став (2) точки 2), 3) и 4) на овој правилник во случај кога кандидатот поседува сертификат за завршена обука од страна на производител на одредено техничко средство, уред и систем или од него овластено лице, на негово барање во дозволата му се впишува овластување тип А или тип Б во зависност од обуката која ја завршил доколку ги достави до Агенцијата следните документи:

- Дозвола за ATSEP во оригинал;

- Сертификат од производителот на одредено техничко средство, уред и систем или од него овластено лице за завршена обука;

- Програма за обука според која е обучуван кандидатот и

- Доказ за уплатен надоместок за признавање.".

Член 4

Во членот 45 став (2) по зборот: "странство" се додаваат зборовите: ",а со цел стекнување на дозвола".

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Со барањето за признавање на завршена обука во странство, а со цел впишување на овластување тип А и/или Б за техничките средства, уреди и системи од член 33 став (2) на овој правилник се доставуваат следните документи:

- Дозвола за ATSEP во оригинал;

- Потврда за завршена обука во овластена организација или центар за обука на ATSEP персонал;

- Доказ дека центарот или организацијата за обука е овластен од националната воздухопловна власт за спроведување на ATSEP персонал;

- Програма за обука според која е обучуван кандидатот и

- Доказ за уплатен надоместок за признавање.".

Ставот (3) станува став (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: "и овластувања" се бришат, а зборовите: "став (3)" се заменуваат со зборовите: "став (4)".

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-996/3
24 јули 2018 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
Горан Јандреоски, с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2018139